JUB kemična industrija d.o.o.
Dol pri Ljubljani 28
SI-1262 Dol pri Ljubljani
Slovenija

Член на Групацијата ЈУБ

Боите го менуваат домот

**ТЕХНИЧКИ ЛИСТ 03.12- мк**
ВНАТРЕШНИ ЅИДНИ БОИ

# JUPOL LATEX SATEN

Перива внатрешна ѕидна боја

## 1. Опис, употреба

JUPOL LATEX SATEN е перива внатрешна ѕидна боја пријатна за околината, призведена врз основа на водена дисперзија од најмодерни полимерни врзива. **Наменета е за декоративна заштита на ѕидови и други површини во станбени и деловни згради, школи, градинки, болници, домови за стари лица и други објекти во кои хигиената се одржува со често миење со универзалните средства за чистење, па и со агресивни дезинфекциски средства.** Погодни подлоги се површини израмнети со масите за израмнување, релјефни хартиени тапети, релјефни тапети од стаклени влакна, гипс картонски и влакноцементни плочи, иверки, немалтерисан бетон, и сл. Можно е нанесување и на добро прифатени стари дисперзни премази на подлогата кои се отпорни на мокро триење. .

Бојата се одликува со многу ниска содржина на лесно растворливи органски супстанци, не содржи омекнувачи и тешки метали, и во тој поглед ги исполнува барањата согласно »Commission Decision 2002/739 EC, establishing revised ecological criteria for the award of the Community eco-label to indoor paints and varnisches and amending Decision 1999/10/EC« ter »Basic Criteria for Award of the Environmental Label, Low-Emission Wall Paints RAL UZ 102, sept. 2003«. **Производството на бојата се изведува под постојан надзор од TÜV SÜD Industrie Service GmbH**, **München и ги исполнува барањата за ознаката** “**ПРОВЕРЕНА СОДРЖИНА НА ШТЕТНИ СУПСТАНЦИ И НАДЗОР НА ПРОИЗВОДСТВОТО** ” – **POLLUTANT TESTED и PRODUCTION MONITORED** (TÜV SÜD Test Standard TM 07 Dispersion Paints “Issue 09/04”).

Едноставна е за **за нанесување и на избор во голем број нијанси**. Филмот од бојата **е перив и со средно висок сјај,** односно **добро отпорен на мокро триење** , така да не премногу валканите пребоени површини е можно да се избришат со крпа натопена во универзалните средства за чистење или медицински раствори (HEXAQUART S, SURFANIOS CITRON, INCIDUR, KOHRSOLIN FF). Се одликува и со **добра отпорност на абење.**

Бојата за декоративна заштита на ѕидни и плафонски површини во просториите во кои поради високата релативна влажност на воздухот постои голема веројатност од појава на кондензација, поради што во аглите, зад ормарите и на други места доаѓа до интензивен развој на различни видови на ѕидна мувла (кујни, купатила и други санитарни простории, перални, визби итн.), во бојата можеме да додадеме 5 до 7% (50 до 75 ml/l) JUBOCID.

## 2. Начин на пакување, нијанси

Пластични канти од 2; 5; и 15 l:

- бела (нијанса 1001)
- 348 нијанси по тон картата БОИ И МАЛТЕРИ (на JUMIX нијансирните станици на продажните места)
- Можно е нијансирање до пастелни нијанси со DIPI KONCENTRAT (до 100 ml на 5 l бела боја)
- под одредени услови можна е испорака во нијанси по посебни барања на купувачите

Боите со различни нијанси можеме меѓусебно да ги мешаме во произволни односи!

## 3. Технички податоци

<table>
<tr><td colspan="3">густина<br>(kg/dm$^3$)</td><td>~1,36</td></tr>
<tr><td colspan="3">содржина на лесно испарливи материи (VOC)<br>(g/l)</td><td><5<br><br>барање EU VOC категорија A/a<br>(од 01.01.2010): <30</td></tr>
<tr><td colspan="2" rowspan="2">време на сушење<br>T = +20 ºC, рел.влаж. на воздухот = 65 %<br>(часа)</td><td>суво на допир</td><td>~3</td></tr>
<tr><td>погодно за понатамошна обработка</td><td>4 - 6</td></tr>
<tr><td rowspan="6">својства на исушениот филм од бојата</td><td rowspan="3">класификација по EN 13300</td><td>отпорност на мокро триење</td><td>отпорен, класа 1</td></tr>
<tr><td>покривност</td><td>класа 1 при ефикасност 8,0 m$^2$/l</td></tr>
<tr><td>сјај</td><td>полмат</td></tr>
<tr><td rowspan="2">пареопропусност<br>EN ISO 7783-2</td><td>коефициент µ<br>(-)</td><td><2500</td></tr>
<tr><td>вредност Sd<br>(d = 100 µm)<br>(m)</td><td><0,25<br>класа II (средна пареопропусност)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Прифаќање на стандарден варовоцементен малтер EN ISO 4624 (MPa)</td><td>>0,5</td></tr>
</table>

главни состојки: етилен-винилацетатно врзиво, фини калцитни и алумосиликатни полнила, титан диоксид, целулозен згуснувач, вода

## 4. Подготовка на подлогата

Подлогата треба да е сува и чиста – без слабо врзани делови, прашина, остатоци од масла, мрсни дамки и други нечистотии.

Нововградените малтери и маси за израмнување во нормални услови (T = +20 ºC, рел.влаж. на воздухот = 65 %) ги сушиме најмалку 1 ден за секој mm дебелина, за бетонски подлоги времето на сушење е минимално еден месец. При обновувачко боење од подлогата во целост ги отстрануваме сите стари и слабо врзани и во вода лесно растворливи наноси од боја , мрсни бои, лакови и емајли. Пред нанесување на бојата задолжително ги дезинфицираме и чистиме сите површини заразени со ѕидна мувла.

Пред првото боење задолжителен е основен премаз. Препорачуваме со вода разредена AKRIL EMULZIJA (AKRIL EMULZIJA : вода = 1 : 1) или разредена боја (JUPOL LATEX SATEN : вода = 1 : 1), за попроблематичните односно послабо квалитетните површини (помалку квалитетни облоги од гипс картонски плочи, гипсени малтери, влакноцементни плочи, иверки и немалтерисани бетонски подлоги) користиме разреден со вода JUKOLPRIMER (JUKOLPRIMER : вода = 1 : 1). Основен премаз нанесуваме со бојаџиска односно ѕидарска четка или долговлакнест крзнен или текстилен бојаџиски валјак, а можно е и со прскање. Со боење можеме да започнеме во нормални услови (T = +20 ºC, рел.влаж. на воздухот = 65 %) после 6 (за AKRIL EMULZIJA или JUPOL LATEX SATEN), односно 12 часа (за JUKOLPRIMER) од нанесувањето на основниот премаз.

При обновувачко боење и пред нанесување на бојата на подлогата измазнета со дисперзните маси за израмнување, основен премаз обично не е потребен.

| | |
|---|---|
| Приближна односно просечна потрошувачка (во зависност од впивливоста и рапавоста на подлогата): | |
| AKRIL EMULZIJA | 90 – 100 g/m$^2$ |
| или | |
| JUPOL LATEX SATEN | 90 – 100 ml/m$^2$ |
| или | |
| JUKOLPRIMER | 90 – 100 ml/m$^2$ |

## 5. Подготовка на бојата

Бојата пред употреба само темелно ја промешуваме, ако е потребно ја разредуваме со вода со оглед на применетата техника и начин на нанесување (најмногу до 5%).

Бојата која ни е потребна за пребојување на одредена површина (или уште подобро - сите површини кои ги боиме во иста нијанса), во доволно голем сад ја егализираме. За големи површини за кои на таков начин технички не е можно да се подготви доволна количина на боја  ниту за еден слој, во егализацискиот сад ги мешаме прво боите од најмалку три канти. Кога ке употребиме една третина на така подготвената боја, во садот додаваме нова боја и со преостанатата во садот добро промешуваме, итн. Егализација на бела боја од иста производна шаржа, која не сме ја разредувале, не е потребна.

Било каква „поправка“ на бојата среде боењето (додавање на средства за нијансирање, разредување, и сл.) не е дозволено. Количината на боја која ни е потребна за боење на поединечни површини, пресметуваме или оценуваме од податоците за просечната потрошувачка за тие површини, а во специфични примери потрошувчката ја одредуваме со мерење на доволно голема плоча за тестирање.

## 6. Нанесување на бојата

Бојата ја нанесуваме во два слоја на растојание од 4 - 6 часа (T = +20 ºC, рел.влаж. на воздухот  = 65 %) со долговлакнест крзнен односно текстилен бојаџиски валјак ( должина на влакното 18 до 20 mm; употребуваме природно или вештачко крзно, односно текстилни облоги од различни синтетски влакна – полиамид, дралон, вестан, најлон, перлон или полиестер), со бојаџиска четка погодна за нанесување на дисперзни ѕидни бои или со прскање. При нанесување со валјак употребуваме соодветна мрежа за цедење.

Поединечна ѕидна површина боиме без прекин од еден до друг крај на работ. Недостапните површини за стандарден долговлакнест бојаџиски валјак или пиштол за прскање (ќошеви, агли, жлебови, тесни шпалети, и сл..) без разлика на претходно наведеното, при секој нанос од боја нив секогаш прво ги обработуваме, а за тоа можеме да користиме соодветна четка или помал бојаџиски валјак.

Боењето е можно само во погодни временски услови со оглед на погодните микроклиматски услови: температурата на воздухот и ѕидната подлога не треба да е пониска од +5 ºC и не повисока од +35 ºC, а релативната влажност на воздухот не треба да е повисока од 80 %.

Приближна односно просечна потрошувачка за двослојно нанесување:
JUPOL LATEX SATEN    150 – 190 ml/m$^2$ , во зависност од впивливоста и рапавоста на подлогата

## 7. Чистење на алатот, ракување со отпадот

Алатот веднаш после употребата темелно го миеме со вода.

Непотрошената боја (само таа која не сме ја разредувале!) во добро затворена амбалажа ја чуваме за можни поправки или подоцнежна употреба. Неупотребените течни остатоци не ги излеваме во канализација, водотеци или во околината, и не ги отстрануваме заедно со куќниот отпад. Ги мешаме со цемент (можеме да додадеме и стврднати остатоци од малтер и отпадоци, песок, пилевина) и стврднати ги одлагаме на депонија за градежен (класификациски број на отпадот:17 09 04) или комунален отпад (класификациски број на отпадот:08 01 12).

Очистената амбалажа може да се рециклира.

## 8. Заштита при работа

Заштитата на дишните патишта со заштитна маска и заштитата на очите со заштитни очила или со штитник за лице, потребна е само кај нанесувањето на боја со прскање, во спротивно ги почитуваме општите упатства и прописи за заштита при работа кај градежни односно бојаџиски работи. Употреба на посебни лични заштитни средства и посебни постапки за сигурна работа при нанесување на бојата со бојаџиски валјак или четка, не е потребна.

Доколку бојата дојде во контакт со очите, веднаш ги миеме со вода.

## 9. Одржување и обновување на пребоените површини

Пребоените површини не бараат некое посебно одржување. Неприфатената прашина и другата неприфатена нечистотија можеме да ја исчистиме или вшмукаме. Прифатената прашина и тврдокорните дамки ги отстрануваме со нежно триење со мокра крпа или сунѓер натопен во раствор од вообичаени универзални

средства за чистење, а потоа површината ја миеме со чиста вода.
За чистење и дезинфекција на пребоените површини дозволена е употреба на воден раствор од стандардни медицински средства за чистење, како на пример; HEXAQUART S, SURFANIOS CITRON, INCIDUR и KOHRSOLIN FF.

На површините на кои нечистотиите или дамките на опишаниот начин не е можно да се отстранат, вршиме обновувачко боење, што подразбира ново двослојно нанесување на боја како што е опишано во поглавјето »Нанесување на боја«. При обновувачко боење за помалку валканите површини доволен е еден слој. Основен премаз при повторувачко боење обично не е потребен.

## 10. Складирање, транспортни услови и трајност

Складирање и транспортирање при температура од +5 ºC до +25 ºC, заштитено од директно сонце, надвор од дофат на деца, НЕ СМЕЕ ДА ЗАМРЗНЕ!

Трајност при складирање во оригинална затворена и неоштетена амбалажа: најмалку 18 месеци.

## 11. Контрола на квалитетот

Карактеристиките за квалитетот на производот се одредени со интерни производни спецификации, и со словенски, европски и други стандарди. Достигнувањето на декларираното односно пропишаното ниво на квалитет е под постојан надзор на TÜV SÜD Industrie Service GmbH, München, а во JUB го обезбедува веќе со години воведениот систем за целосно следење и контрола на квалитетот ISO 9001, што подразбира дневно проверување на квалитетот во сопствени лаборатории, повремено и во заводот за градежништво во Љубљана, на Forschungsinstitut für Pigmente und Lacke во Stuttgart, како и во други независни стручни установи во Словенија и во странство. Во производството строго ги почитуваме словенските и европските стандарди од подрачјето за заштита на околината и заштита при работа, што се докажува со сертификатите ISO 14001 и OHSAS 18001.

## 12. Други информации

Техничките упатства во овој проспект се изработени врз основа на наши искуства, и се со цел при употреба на производот да се постигнат оптимални резултати. За штетата предизвикана поради погрешен избор на производот, поради неправилна употреба или поради неквалитетна работа, не преземаме никаква одговорност.

Нијансираниот производ од примерокот во тон картата или од потврдениот примерок може да се разликува, вкупната разлика во бојата ΔE2000 за нијанси од ЈУБ-овата тон карта БОИ И МАЛТЕРИ – се одредува согласно системот ISO 7724/1-3 и по математичкиот модел CIE DE2000 – е најмногу 1.5, односно 2.5 за нијанси према тон картите NCS и RAL. За контрола е меродавен правилно исушен нанос од бојата на подлога за тестирање и стандард на предметната нијанса која се чува во TRC JUB d.o.o. Бојата изработена по други примероци и тон карти за расположливите JUB-ови бази и пасти за нијансирање е најблиска можна, и во тој случај вкупното отстапување на нијансата може да биде поголемо од претходно наведените гарантирани вредности. Разликата во нијанси која е последица на несоодветните работни услови, од упатствата во овој технички лист, несоодветна припрема на бојата, непочитувањето на правилата за егализација, нанесувањето на несоодветно подготвена, премногу или премалку впивлива, повеќе или помалку рапава, на влажна или недоволно сува подлога, не може да биде предмет на рекламација.

Овој технички лист ги дополнува и заменува сите претходни изданија, го задржуваме правото од можни подоцнежни измени и дополнувања.

Ознака и датум на издавање: **TRC-044/10-gru-tor**, 24.01.2010

---

**JUB d.o.o.e.l. Skopje**

Bul. Jane Sandanski br. 79/a/3
1000 Skopje
Republika Makedonija
T: +389 2 2454 027
+389 2 2454 027
F: +389 2 2455 235
E: kiril.boskov@jub.com.mk
www.jub.eu

ISO 9001 Q-159
ISO 14001 E-034
OHSAS 18001 H-022